Врз основа на член 27,став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/2004 ) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кичево (“Службен гласник на ЕЛС Кичево бр 5/06 ) Советот на Општина Кичево на --- та седница, одржана на __ .02-2021 година донесе :

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2021 ГОДИНА

| ред број | А к т и в н о с т и | Носител | месец во годината |
|---|---|---|---|
| 1 | Советот на Општина Кичево го донесува буџетскиот календар | Закон за финансирање на ЕЛС ,член 27 став 4 и5 (Сл.в.61/04;96/04;67/07;156/09) | јануар/ февруар |
| 2 | Советот на општината ја разгледува и усвојува фискалната стратегија на општината | Одделение за финансиски прашања,Одд.за администрирање на приходи и Одд. за ЛЕР | Април-мај |
| 3 | Се врши целосна анализа на реализација на сите приливи и одливи во општинскиот буџет проверка на функционалноста на финансиските планови како и планот за развојни програми и утврдената фискална стратегија.Добиените сознанија и констатации се изнесуваат во посебен извештај така што истиот се доставува до сите сектори и буџетски корисници | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања и Одд.за администрирање на приходи | Мај-јуни |
| 4 | Сите сектори и буџетски корисници до Одделението за фин.прашања ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите поодредени позиции | Раководители на буџетски корисници и раководители на секторите на општината | Најдоцна до 20-ти септември |
| 5 | Министерот за финансии доставува насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година и по добивањето на насоките ,Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и планот за развојни програми и утврдената фискална стратегија и го доставува до сите сектори и буџетски корисници | Закон за буџети ,член 21,( Сл.в.64/05;04/08,103/08);Закон за финансирање на ЕЛС ,член 27 став 1 и 2 (Сл.в.61/04;96/04;67/07;156/09) | Најдоцна до 30-ти септември |
| 6 | Градоначалникот организира заеднички состанок на сите одделенија на општинската администрација со конкретна агенда за процесот на | Градоначалник, Раководители на сектори и одделенија | најдоцна до 30 септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | буџетирање – одредување на приоритети за наредната година | | |
| 7 | Врз основа на утврдените приоритети , Секторите и сите други надлежни одделенија го изготвуваат Предлог-планот на програми за развој и како предлог на Градоначалникот се доставуваат на одобрување до Советот | Градоначалник, Раководители на сектори и одделенија | Најдоцна до 20-ти октомври |
| 8 | Предлог- планот на развојни програми се разгледува и одобрува од Советот на Општина Кичево.Одобрениот план на програми за развој ќе претставува составен дел на Предлог- буџетот на општината | Совет на општината | Најдоцна до 15-ти ноември |
| 9 | Одделението за буџет и финансии подготвува проценки за вкупните приходи,ги разгледува ,анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог- буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Одделение за финансиски прашања | Октомври-Ноември |
| 10 | Одделението финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | Градоначалник | Ноември |
| 11 | Градоначалникотго доставува нацрт-буџетот до Советот на општина Кичево и организира Јавна расправа | Градоначалник | Ноември |
| 12 | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Кичево | Градоначалник | Најдоцна до 10-ти декември |
| 13 | Се води расправа по Предлог-Буџетот во Комисиите на советот на општината | Комисија за финансирање и буџет | декември |
| 14 | Советот на Општина Кичево го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | Совет на општината | Најдоцна до 31-ви декември |

Буџетскиот календар на Општина Кичево за 2021 год. влегува во сила наредниот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Кичево".

Број - /
__.02 - 2021 год.
Кичево

Советот на Општина Кичево
Претседател,
Аќиф Медиу с.р.